СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 20 број 11	Чешиново-Облешево 23.08.2024 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново, за воспитната 2024/2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново, за воспитната 2024/2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1299/1
23.08.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 67, точка 6 од Законот за заштита на деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За утврдување на работното време на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново, за воспитната 2024/2025 година

Член 1

Се утврдува работното време во ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново за воспитната 2024/2025 година.

Работното време да започнува во 06.30 а да завршува во 16.30 часот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1290/1
23.08.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Решението да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1300/1 Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа член 64 точка 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 311/2020, 294/2021, 150/2022 и 236/2022), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево („Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“ бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За давање на Согласност за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година

Член 1

Се дава Согласност на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1291/1 Совет на
23.08.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1301/1 Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година донесе:

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“ бр. 01-130/1 од 15.08.2024 година, за планирани 02 (две) нови вработувања.

Член 2

Средствата за бруто плати за новите вработувања се планирани и обезбедени во Буџетот на ЈПКД „Облешево“.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1292/1 Совет на
23.08.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1302/1 Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 53 точка 5 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019 и 229/2020), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година

Член 1

Се дава Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година, а врз основа на писмен преглед на паралелки изготвен од страна на училиштето.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на донесувањето и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1293/1
23.08.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година

1.Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1303/1
23.08.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), и член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и бр.7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година, изготвен од страна на ЈПКД „Облешево“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1294/1
23.08.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на постојано работно тело „ Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево

1.Ја прогласувам Одлуката за формирање на постојано работно тело „ Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1304/1	Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год.	Градоначалник
Облешево	Далибор Ангелов

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) а врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Чешиново-Облешево (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За формирање на постојано работно тело „ Локален Економски совет“ при општина Чешииново-Облешево

Член 1

Се формира постојано работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево кое претставува помошно советодавно тело на Градоначалникот со цел да поттикне:

- Дебата за стратешки прашања за локален, економски и оддржлив развој ан општината;
- Утврдување на развојни и структурни приоритети;
- Привлекување на домашен и странски капитал;
- Насоки за водење на локална економска политика и поволна средина за развој на бизнисот;
- Организација на заеднички активности и проекти;
- Градење на партнерства со регионални, национални и меѓународни субјекти од областа на економијата и
- Други прашања од интерес на бизнис заедницата.

Член 2

Во постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево се именуваат постојани и непостојани членови.

Во постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево како постојани членови се именуваат:

- Сашо Антовски, претставник на фирмата „Екстра фунги“
- Бранко Наков, претставник на фирмата „ Агро СА-ИР“
- Тоше Богатинов, претставник на фирмата „Оризарство“
- Горан Постолов, претставник на фирмата „Слога“
- Тоше Стојановски, претставник на фирмата „Еуроконтрол“
- Игор Манов, претставник на фирмата „Манов солар“
- Игор Ефремов, претставник на фирмата „Еко-зрно“
- Ане Ефтимов, претставник на фирмата „Даниво“
- Христијан Ристов, претставник на фирмата „Техно кул Клара“

Локалниот Економски совет може да се дополнува и со други постојани членови, кои со гласање ќе бидат прифатени од страна на утврдените постојани членови.

Во постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево како постојани членови се и Градоначалникот на општината и Административниот службеник задолжен за Локален Економски развој.

Во постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево за потребите на Советот дополнително ќе се именуваат непостојани членови од редовите на другите Стопански

субјекти со седиште во општина Чешиново-Облешево кои за тоа ќе изразат интерес.

Член 3

Надлежностите и задачите на постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево е да дава предлози, сугестии, да покренува иницијативи, да подготвува и имплементира проекти од значење за општината, да соработува со општинската администрација и тоа во областа на економијата, финансиите, стопанството и слично а посебно во:

1. Урбанистичко планирање, уредување на просторот и уредување на градежно земјиште;
2. Заштита на животната средина и природата, мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачо зрачење;
3. Локален економски развој – планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. Комунални дејности-снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода,одведување и пречистување на отпадни води, собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад, снабдување со природен гас и тплинска енергија, изградба и оддржување на јавниот простор за паркирање и сл.
5. Културата – институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спортот и рекреацијата – развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирањето на спортски приредби и манифестации, одржувањето и изградбата на објекти за спорт, поддршка на спортски сојузи;
7. Социјална заштита и заштита на децата-детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување);
8. Образование – основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт во согласност со закон.

Член 4

Работата на постојното работно тело „Локален Економски совет“ при општина Чешиново-Облешево е волонтерски, без надоместок.

Локалниот Економски Совет се состанува еднаш квартално, а по потреба и почесто.

Работата на Локалниот Економски Совет ќе се утврди со Деловник за работа, кој ќе го донесе Локалниот Економски Совет.

Член 5

Мадатот на членовите на постојното работно тело „Локален Економски совет“ е 2 (две) години со право на повторен избор.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1295/1
23.08.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени средства за планираните вработувања и унапредувања

1.Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени средства за планираните вработувања и унапредувања, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1305/1
23.08.2024 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата оддржана на ден 16.08.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени средства за планираните вработувања и унапредувања

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени финансиски средства за планираните 25 (дваесет и пет) нови вработувања и планираните 04 (четири) унапредувања во општинската администрација за 2025 година.

Член 2

Средствата за бруто плати за новите 25 (дваесет и пет) вработувања и планираните 04 (четири) унапредувања се планирани и обезбедени во Буџетот на општината за 2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1296/1
23.08.2024 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Програмата за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година

1.Ја прогласувам Програмата за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1306/1 Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 44 од Статутот на општина Чешиново-Облешево бр.6/2015 и 7/2019), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година ја донесе следната:

П Р О Г Р А М А
За измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година

Член 1

Во Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година бр.08-1914/1 од 14.11.2023 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.13/2023) и Одлуката за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година бр. 08-1000/1 од 05.07.2024 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр. 9/2024), дел ЦЕЛИ, Распоредување на буџетските средства бројот 120.000,00 се менува со број 140.000,00.

Во истиот дел во Табеларен преглед Реден број 1 „Манифестација на Ден на општината 21 Септември – Мала Богородица, износот 400.000,00 денари се заменува со 600.000,00 денари.

Член 2

Во ДЕТАЛЕН ОПИС НА АКТИВНОСТ, кај Вкупно износот 400.000,00 денари се заменува со 600.000,00 денари.

Во останатиот дел Програмата останува иста.

Член 3

Програмата за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1297/1 Совет на
23.08.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

1.Го прогласувам Заклучокот за утврдување на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот, што Советот на општина Чешиново-Облешево ја донесе на седницата одржана на ден 16.08.2024 година.

2.Заклучокот да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1307/1 Општина Чешиново-Облешево
23.08.2024 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 202 од Деловникот за работа на Советот на општината бр.01-308/1 од 02.06.2006 година (Службен гласник на општина Чешиново-Облешево бр.5/2006), Советот на општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 16.08.2024 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К
За утврдување на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот

Член 1

Се утврдува текстот на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево.

Член 2

Се задолжува Комисијата за Деловник да изготви Предлог на Одлука за измена на Деловникот за работа на Советот на општина Чешиново-Облешево.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а истиот да се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1298/1 Совет на
23.08.2024 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

СОДРЖИНА Стр.

1.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново, за воспитната 2024/2025 година ...1

2.ОДЛУКА за утврдување на работното време на ЈОУДДГ „Ѕвездички“ Чешиново, за воспитната 2024/2025 година 1

3.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година 2

4.ОДЛУКА за давање на Согласност за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2024/2025 година 2

5.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“ 2

6.ОДЛУКА за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година во ЈПКД „Облешево“ 3

7.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година 3

8.ОДЛУКА за давање на Согласност за формирање на паралелки во ООУ „Климент Охридски“ Облешево за учебната 2024/2025 година..... 3

9.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година 4
10.ОДЛУКА за усвојување на Извештајот за материјално - финансиско работење на ЈПКД „Облешево“ за периодот 01.04.2024-30.06.2024 година 4
11.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за формирање на постојано работно тело „ Локален Економски совет“ при општина Чешииново-Облешево 4
12.ОДЛУКА за формирање на постојано работно тело „ Локален Економски совет“ при општина Чешииново-Облешево 5
13.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени средства за планираните вработувања и унапредувања ...7
14.ОДЛУКА за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2025 година и за обезбедени средства за планираните вработувања и унапредувања... 7
15.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Програмата за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година 7
16.ПРОГРАМА за измена на Програмата за активности на општина Чешиново-Облешево во областа на културни и спортски манифестации за 2024 година 8
17.РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот 8
18.ЗАКЛУЧОК за утврдување на Нацрт Одлуката за измена на Деловникот за работа на Советот 9
19.СОДРЖИНА 9

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО